**Известување за концентрација со која АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д., Словенија преку АЛПЕ В, друштво за инвестиции, д.о.о., Словенија стекнува контрола над А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта, д.о.о., Словенија (предмет бр. 08-145/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.10.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија преку АЛПЕ В, друштво за инвестиции, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија стекнува контрола над А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Маркљева улица 2А, 8000 Ново место, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Концентрацијата се однесува на стекнување контрола од страна на **АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д.**, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија преку **АЛПЕ В, друштво за инвестиции, д.о.о.**, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија стекнува контрола над **А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта, д.о.о.**, со регистрирано седиште на адреса Маркљева улица 2А, 8000 Ново место, Словенија. преку купопродажба на удели.

Предмет на концентрацијата е стекнување на 51.00% од уделот, а со тоа и 51.00% од гласачките права во друштвото А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта д.о.о. преку купување удели од АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д., преку друштвото за посебна намена АЛПЕ В д.о.о.

**АЛФИ ПЕ** е приватен капитален фонд и е независен фонд за приватен капитал со инвестициски потенцијал од околу 70 милиони ЕУР. Фондот се фокусира на инвестирање во развој кај иновативни и брзорастечки мали и средни претпријатија од прва класа и средни капитали основани или кои го водат својот бизнис претежно во Словенија и во Хрватска. Регистрирана дејност на Друштвото е: дејност на старателски и други фондови и други финансиски ентитети.

АЛФИ ПЕ д.о.о. специјален инвестициски фонд к.д. работи во рамките на Словенечката инвестициска програма за капитален раст (The Slovene Equity Growth Investment Programme "SEGIP"). Станува збор за програма на сопственичко инвестирање во износ од 100 милиони ЕУР, кои СИД банка и Европскиот инвестициски фонд (EIF) ја основаа во ноември 2017 година.

Целта на програмата е сопственичка поддршка на словенечките иновативни и брзорастечки мали и средни претпријатија, mid-cap фирмите со до 3000 вработени и отворање на нови работни места во Словенија. Програмата е поддржана од Европскиот фонд за стратешки инвестиции (EFSI), кој претставува јадро на Инвестицискиот план за Европа (https://www.sid.si/velika-podjetja/osnovne-informacije-o-segip).

Алфи Групата има регистрирано присуство во Република Северна Македонија:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје, друштво специјализирано во собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии и
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно во трговија на големо со друга стока за домаќинства.

**А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта, д.о.о.** во рамките на своите активности има аптека во која издава и продава лекови за мали и големи животни, потоа амбуланта за мали животни, како и нудење услуги за домашни животни.

А+ВЕТ, ветеринарна амбуланта, д.о.о. нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар на ветеринарни услуги во Република Словенија..

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како национален односно како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

31.10.2022 година, Скопје